# ВОВЕД

I.Оцена на состојбите во областа на законот што се менува и причини за донесување на законот

Законот за задолжница е донесен во 2012 година и со него се пропиша издавање на инструмент за обезбедување на побарувањата, со цел да се подобри ликвидноста во стопанството и да се обезбеди сигурна и побрза наплата на паричните побарувања во деловните односи. Издавањето на задолжницата беше пропишано на доброволна основа. Донесувањето на Законот беше поддржано од бизнис заедницата како механизам за подобрување на наплатата и ликвидноста во стопанството.

Со измените на Законот во 2014 година се пропиша задолжително издавање на задолжница во должничко доверителските односи со кои се создаваат обврски над 300.000 денари. Оваа одредба ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година.

За да се олесни издавањето на задолжителната задолжница, особено за фирмите кои имаат чести должничко доверителски односи, како и да се избегнат дополнителни трошоци за задолжително издавање на задолжница, се предлага издавање на кумулативна задолжница.

II. Цели, начела и основни решенија на предлогот на закон

Целта на донесувањето на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница е олеснување и поедноставување на деловните трансакции во делот на издавањето на задолжителна задолжница, со овозможување на фирмите да издаваат кумулативна задолжница.

Кумулативната задолжница може да се издава меѓу фирма доверител и фирма должник кои во текот на определен временски период често влегуваат во должничко доверителски односи. Со цел да се избегне честото одење на нотар за издавање на задолжници за секоја поединечна трансакција со една фирма и да се избегне зголемување на трошоците, а со тоа и на техничко административните ресурси на фирмите, со кумулативната задолжница ќе се овозможи со едно одење на нотар да се покријат сите трансакции кои настануваат помеѓу фирма доверител и фирма должник во период од најмногу една година. Притоа, се применуваат постојните ограничувања за издавање на задолжница пропишани со Законот за задолжница.

Покрај оваа измена се овозможува дополнително олеснување за фирмите, односно во случај на авансно плаќање на паричните обврски и во случај кога паричната обврска се плати во рок од пет работни дена од настанување на обврската за плаќање, не е потребно издавање на задолжница.

Исто така со предлог измените се прецизира дека одредбите од Законот не се однесуваат на должничко доверителски односи настанати со банкарски и/или финансиски активности, како на пример договори за кредит, осигурување, лизинг, факторинг и сл.).

III.Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

За спроведување на Предлогот на закон што се предлага не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

Предложените решенија во Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжница не повлекуваат финансиски трошоци за овластените учесници на пазарот.

V.Усогласеност на предлогот на закон со правото на Европската унија
Нема

VI.Потреба од донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон

Министерство за финансии е должно во рок од 15 од денот на влегување во сила на законот да ги донесе подзаконскиот акт утврден со овој закон.

VII. Скратена постапка за донесување на законот

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон согласно со членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 91/08, 119/10, 130/10 и 23/13), се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжница по скратена постапка

Член 1

Во Законот за задолжница („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/12 и 12/14) во членот 2 по точката 1 се додава нова точка 2 која гласи:
„2. „Кумулативна задолжница“ е потврдена приватна исправа со која должникот дава согласност побарувањата до износот и во периодот назначени во задолжницата доверителот присилно да се наплати од сите расположиви средства на должникот кај носителите на платниот промет;“.
Точките 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат точки 3, 4, 5, 6 и 7.

Член 2

По членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

„Член 2-а

Доколку со овој закон не е поинаку уредено, одредбите од овој закон кои се однесуваат на задолжницата се однесуваат и на кумулативната задолжница.

Член 3

Во членот 3 став (6) по зборот „задолжница“ се додаваат зборовите „или кумулативна задолжница“.

По ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8) кои гласат:
„(7) Должникот е должен да ја издаде задолжницата од ставот (6) на овој член во рок од пет работни дена од денот на настанување на обврската за плаќање.

(8) По исклучок на ставот (6) од овој член, издавањето на задолжница не е задолжително:

1) доколку паричната обврска е платена во рокот од ставот (7) на овој член и
2) во случај на авансно плаќање на паричната обврска.“

По ставот (7) кој станува став (9) се додава нов став (10) кој гласи:
„Одредбите од овој закон не се однесуваат на должничко-доверителски односи настанати со банкарски и/или финансиски активности дефинирани во Законот за банки што ги вршат банки, штедилници и/или небанкарски финансиски институции.

Член 4

По членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

„Член 3-а

(1) Кумулативна задолжница се издава за период кој не може да надмине една година.

(2) Кумулативна задолжница се издава за повеќе или за сите побарувања кои доверителот ги има од еден должник во периодот за кој е издадена кумулативната задолжница.

(3) Формата и содржината на кумулативната задолжница ги пропишува министерот за финансии.

Член 5

По членот 7 се додава нов член 7-а кој гласи:

Член 7-а

Во кумулативната задолжница задолжително се внесува:

1) назив, седиште, единствен матичен број и единствен даночен број на доверителот;

2) назив, седиште, единствен матичен број и единствен даночен број на должникот;

3) износ до кој може да се изврши наплата по задолжницата;

4) каматна стапка, доколку е договорена, но најмногу во висина на законски дозволената;

5) период за кој е издадена задолжницата,

6) краен рок за доставување на барање за наплата на задолжницата кај носителот на платниот промет на должникот;

7) назив на носителот на платниот промет кај кој должникот има трансакциска сметка и број на трансакциската сметка на должникот;

8) изјава на должникот дека се согласува износот на побарување најмногу до максималниот износ присилно да се наплати од сите негови сметки кај носителите на платниот промет и од сиот негов движен и недвижен имот;

9) место и датум на издавањето на задолжницата и

10) потпис на должникот и доверителот.

Член 6

Насловот на глава III се менува и гласи:

„НАПЛАТА НА ЗАДОЛЖНИЦА КАЈ НОСИТЕЛ НА ПЛАТЕН ПРОМЕТ".

Член 7

Во членот 8 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Кумулативна задолжница може да се поднесе на наплата кај носител на платен промет во кое било време до крајниот рок за доставување на барање за наплата за сите достасани, а неплатени обврски кои настанале во периодот за кој е издадена кумулативната задолжница. За наплата на кумулативната задолжница доверителот поднесува барање за наплата. Барањето се поднесува најдоцна до денот наведен на кумулативната задолжница како краен рок за доставување на барање за наплата. Носителот на платен промет нема да го прими барањето за наплата поднесено по крајниот рок за доставување на барање за наплата.".

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите „ставот (1)" се заменуваат со зборовите „ставовите 1 и 2".

Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите „ставот (1)" се заменуваат со зборовите „ставовите 1 и 2".

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите „ставот (1)" се заменуваат со зборовите „ставовите 1 и 2".

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Член 8

Во членот 14 став (2) зборовите: „став (6)“ се заменуваат со зборовите: „став (7)“.

Член 9

Во членот 18 став (1) ) зборовите: „став (3)“ се заменуваат со зборовите: „став (4)“.

Член 10

Во членот 19 став (1) зборовите: „став (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставови (1) и (2)“.

Член 11

Во членот 20-а став (1) зборовите „став (6)“ се заменуваат со зборовите „став (7)“.

Член 12

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница („Службем весник на Република Македонија“ бр. 12/14) во членот 8 зборот „јануари“ се заменува со зборот април.

Член 14

Одредбите од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 април 2015 година, освен одредбата од член 3 став (4) на овој закон која ќе започне да се применува со денот на влегување во сила на овој закон.

Член 15

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. Објаснување на содржината на одредбите од предлогот на законот:

Во членот 1 од Предлогот на закон се дефинира кумулативната задолжница како потврдена приватна исправа со која должникот дава согласност побарувањата до износот и во периодот назначени во задолжницата доверителот присилно да се наплати од сите расположиви средства на должникот кај носителите на платниот промет.

Со членот 2 се уредува дека секаде во текстот на законот под терминот задолжница се подразбира и терминот кумулативна задолжница, освен онаму каде што се уредува специфичноста на кумулативната задолжница и се користи тој термин.

Во членот 3 се пропишува исклучок од обврската за задолжително издавање на задолжница, доколку истата е авансно платена или се плати во рок од пет работни дена од денот на настанување на обврската за плаќање. Исто така, се пропишува дека при должничко доверителски односи кои настануваат со банкарски или финансиски активности не се применува Законот за задолжница.

Во членот 4 се уредува: дека кумулативната задолжница се издава најмногу до една година, со неа ќе бидат опфатени повеќето или сите побарувања кои настануваат помеѓу еден доверител и еден должник во тој период.

Во членот 5 се пропишуваат задолжителните елементи на кумулативната задолжница.

Измените во членовите 6, 8, 9, 10 и 11 се од технички карактер.

Во членот 7 се уредува наплатата на кумулативната задолжница кај носител на платен промет.

II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Предложените решенија во законот се меѓусебно поврзани и како такви применливи во пракса.

III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со донесувањето на Предлог законот ќе се овозможи фирмита кои често стапуваат во должничко доверителски односи да издаваат кумулативна задолжница со која ќе се покријат сите обврски кои настануваат меѓу фирма должник и фирма доверител во текот на најмногу една година. Исто така ќе се овозможи исклучок од задолжителното издавање на задолжница, доколку обврските се платат авансно или во рок од пет дена од настанувањето на обврската за плаќање.

ИЗВОД ОДРЕДБИ
Од Законот за задолжница

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1.„Задолжница" е потврдена приватна исправа со која должникот дава согласност побарувањето на доверителот назначено во задолжницата присилно да се наплати од сите расположливи средства на должникот кај носителите на платниот промет;
2.„Правни лица" се трговци според формата и дејноста согласно со Законот за трговските
друштва;
3.„Должник" е правно лице кое издало задолжница;
4.„Блокирани сметки" се трансакциски сметки на учесник во платниот промет за кои има евидентирано неизвршено решение за присилна наплата;
5.„Систем за водење на Регистарот на задолжници" е информациски систем кој овозможува составување, евидентирање, прием, обработка, чување и размена на податоци и документи во електронска форма и
6.„Барање за наплата" е писмено барање поднесено од доверителот кај носителот на платен промет кај кој се води трансакциската сметка на должникот наведена во задолжницата со кое се бара наплата на побарувањата по основ на задолжница кои не се платени до датумот на достасување на задолжницата.

II. ИЗДАВАЊЕ НА ЗАДОЛЖНИЦА

Член 3

(1) Задолжницата се издава во еден примерок.
(2) Задолжницата гласи на денари.
(3) Задолжницата се издава само при должничко доверителски односи меѓу правните лица.
(4) Задолжница не смее да издаде правно лице:
1) кое има блокирана сметка;
2) за кое во Трговскиот регистар кај Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централниот регистар) има евидентирано податоци за започната постапка за стечај, ликвидација или бришење;
3) кое е евидентирано во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност кај Централниот регистар и
4) кое е евидентирано во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај Централниот регистар.
(5) Вкупниот неплатен износ по основ на издадени задолжници не смее да надмине 30% од
вкупните приходи на должникот остварени во претходната година евидентирани во Регистарот на годишни сметки кој се води во Централниот регистар.
(6) Издавањето на задолжница е задолжително за должничко доверителски односи со кои се создаваат обврски во износ од 300.000 денари и повеќе, доколку се исполнети условите од ставовите (4) и (5) на овој член.
(7) Задолжница не се издава, доколку вкупниот неплатен износ по основ на издадени задолжници надминува 30% од вкупните приходи на должникот

остварени во претходната година, евидентирани во Регистарот на годишни сметки кој се води во Централниот регистар.

## III. НАПЛАТА НА ОБВРСКИ ПО ДАТУМ НА ДОСТАСУВАЊЕ

### Член 8

(1) Доколку обврските по основ на задолжница не се платени до датумот на достасување на задолжницата, доверителот поднесува барање за наплата. Барањето се поднесува најдоцна до денот наведен на задолжницата како краен рок за доставување на барање за наплата. Носителот на платен промет нема да го прими барањето за наплата поднесено по крајниот рок за доставување на барање за наплата.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член доверителот задолжително приложува:

1) задолжница;

2) број на трансакциска сметка на доверителот на која треба да се пренесат средства од сметката на должникот и

3) изјава заверена на нотар со која под полна морална, материјална и кривична одговорност го потврдува неплатениот износ на побарувањето по задолжницата и потврдува дека нема поднесено и нема да поднесе тужба до надлежен суд, предлог за извршување до извршител или предлог за платен налог до нотар за наплата на побарување кое произлегува од основот за издавање на задолжницата.

(3) Носителот на платен промет е должен во рок од два работни дена од денот на добивањето на барањето од ставот (1) на овој член, преку Клириншката куќа, да го извести Централниот регистар дека доверителот барал наплата на задолжницата.

(4) По добивање на барањето од ставот (1) на овој член, носителот на платен промет е должен да постапи на начин и во постапка за извршување на решенијата за присилна наплата согласно со Законот за платниот промет.

(5) Доколку доверителот не поднесе барање за наплата на побарувањата по задолжницата во крајниот рок за доставување на барањето за наплата на задолжницата кај носителот на платен промет, обврските по задолжницата престануваат.

(6) Задолжницата за која не е поднесено барање за наплата во крајниот рок за доставување на барањето за наплата, Централниот регистар ја брише од Регистарот на задолжници по истекот на три работни дена од крајниот рок за доставување на барањето за наплата на задолжницата.

## VI.СТЕЧАЈ И ЛИКВИДАЦИЈА НАД ДОЛЖНИК

### Член 14

(1) Во случај на отворање на стечајна постапка над должникот, побарувањата по основ на задолжница се пријавуваат кај стечајниот управник согласно со одредбите од Законот за стечај.

(2) Должникот што има издадено задолжница која не е платена во целост не може да ја заврши започнатата ликвидациона постапка, односно не може да се избрише од Трговскиот регистар, се додека задолжницата не се избрише од Регистарот на задолжници согласно со членовите 8 став (6), 10 став (2), 12 ставови (6) и (7) и 13 став (3) од овој закон.

(3) Стечајниот управник е должен во рок од 15 дена од денот на отворањето на стечајната постапка над должникот кој издал задолжница да поднесе барање до Централниот регистар за бришење на задолжницата од Регистарот на задолжници.

(4) Централниот регистар е должен на денот на добивање на барањето од ставот (3) на овој член да ја избрише задолжницата од Регистарот на задолжници.

## X. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 18

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на носител на платен промет, ако во пропишаниот рок не го извести Централниот регистар за случаите пропишани со членовите 8 став (3), 9 став (1), 10 став (1) и 11 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на носителот на платен промет за прекршокот од ставот (1) на овој член.

### Член 19

(1) Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на носител на платен промет ако прими барање за наплата поднесено по крајниот рок за доставување на барањето (член 8 став (1)).

(2) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на носителот на платен промет за прекршокот од ставот (1) на овој член.

### Член 20-а

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице кое нема да издаде задолжница согласно со членот 3 став (6) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.